Лилјана ТОДОРОВА

# КАРЛ МАРКС И ФРАНЦУСКАТА КУЛТУРА

При нашето определување за овој предмет на проучување, бевме иницирани пред сè од Марксовата премиса: „Јас сум граѓанин на светот и дејствувам таму каде ќе се најдам"[1]) при што за задача земавме да се обидеме да ги проследиме овие две прашања: — улогата на француската културна и политичка современост како погодно тло за формирањето на Марксовата филозофска мисла и, во обратна смисла, — интересот и прифаќањето на марксизмот, сфатен најшироко како идеолошко и филозофско далекосежно влијание, врз оформувањето на француската марксистичка мисла како интегрален дел од современиот марскизам и многу значајна компонента на целокупната светска култура.

*

* *

Светот беше во полн подем кога Маркс, сосем млад, се соочи со стварноста, подем што се должеше на пресвртот што настана со Француската Револуција, со раѓаењто на индустријата во Германија и нејзиниот знатен полет во Англија, кога стопанството и производството навлегоа во етапа на брза преобразба и кога, едновремено, се создаваше и пролетаријатот и се ширеа социјалистичките идеи. Маркс ќе го изгради своето учење врз принцип на интегрирање на сите тие битни извори и оттука Ленин ќе го формулира тоа дело како „законски наследник на она најдоброто што човештвото го создаде во XIX век во ликот на германската филозофија, англиската политичка економија и францускиот социјализам".[2]) Маркс ќе се повика на најнапредните мислители до тоа време, од Антиката до современоста и врз основа на нивната материјалистичка дијалектика која во себе ги вклучуваше, но и дијалектички

[1]) Пол Лафарг, *Сеќавање на Карл Маркс*, во *Карл Маркс*, Београд, 34.

[2]) В. И. Ленин, *Избрани дела*, т. I, кн. I.

негираше, и идеализмот на германската школа и механичкиот и секој друг вид пасивистички метафизички материјализам како што беше оној на француските материјалисти од XVIII век и на Фоербах, ќе ја гради новата антиципација на идниот свет што во пролетаријатот го наоѓа своето „материјално оружје".

Париз, посебно, како средиштe на социјалистичката мисла која, иако полна и со утописки теории, изобилуваше со револуционерни сфаќања, често пати ќе биде азил за политички прогонетиот Маркс кој не ја ограничуваше својата дејност само на земјата во која се роди. Така, сеќавајќи се на богатото знаење и искуство на својот татко што како „вистински Француз од XVIII век „напамет ги знаел делата на Волтер и Русо и окружен од револуционерниот вриеж на историските настани, Маркс ќе се оддаде на проучувањето на Големата Француска Револуција, ќе застане на страната на Париските јунски настани од 1848, ќе ги поддржи демонстрациите од јуни 1849 ќе се бори против бонапартизмот кој се прикажуваше како либерален и ослободувачки за угнетените националности, особено преку својот труд *Осумнаесетти Бример на Луј Бонапарт* и тоа многу појасно многу посилно и поинаку одошто тоа го правеше Виктор Иго со своето романтичарско перо во *Наполеон Малиот*. Ќе ја заштитува Париската Комуна чиј теоретски биланс на искуствата ќе го даде во *Граѓанската војна во Франција* (1871), ќе ги брани прогонетите борци и ќе го подготвува Уводот во *Програмата* на Француската работничка партија што во 1880 год. ја основа Жил Гесд и Пол Лафарг. Тука, токму во Париз, младиот Маркс ќе стане марксист кој во исто време ќе ги следи и откритијата во науката, ќе се интересира за новините до кои доаѓа Марсел Депре во областа на електрицитетот, бесплатно ќе соработува во Парискиот лист Рефор*ма (Réforme)*, ќе презема нови издавачки потфати со Арнолд Руге како што е *Француско-Германскиот Годишник* (1844), и повеќе од сè, многу ќе чита, особено делата на француските филозофи. Посебно ќе се навраќа на Дидро и на психолошките студии на Балзак со чии творби, како што е *Непознатото ремек-дело*, се соживува, дури поистоветува, ќе учи и многу ќе пишува, ќе ги создава своите капитални дела. Во овој град во кој, според еден лирски исказ на Енгелс од 1848 година[3]) „цивилизацијата го беше достигнала својот најсовршен процут во кој конвергираа сите нишки на европската историја и од кој понекогаш избиваа електрични набои што го потресуваа светот, . . . град чии жители знаеја да живеат како најпрефинетите епикурејци од Атина и да гинат како најсмелите спартанци", Маркс ги откри историските закони на класната борба и нужноста од пролетерската револуција за засновување на комуниз-

---

[3]) Ф. Енгелс, *Патот од Париз до Берн* (цитирано според: Р. Гароди *Карл Маркс*, Култура, Београд, 1968, 43).

мот, кој, со тоа, ги доби своите научни темели поставени на борбената практика. Мислата и практиката од тогаш станаа едно во Марксовиот метод.

Директниот жив допир со активниот, борбен и револуционерен пролетеријат кој стануваше свесен за своите класни интереси, средбата со демократски, социјалистички и комунистички раководители што се интересираа како него за општествени прашања, за развиток на светот, како и познанството со повеќе личности од напредната француска интелигенција, го одиграа одлучувачкото влијание. Преку тој жив дијалог и интелектуалниот напор Маркс постепено ќе се ослободи од остатоците на Хегеловата идеологија, односно „прв ќе ја доведе Хегеловата дијалектика во врска со не-идеализмот како и со иднината"[4]), поврзувајќи се со стварноста. Воопшто земено Маркс овде ќе ги разбистри своите мисли и ќе открие многу недостатоци на француските либерални и социјалистички кругови најчесто преку нивните постапки и колебливост. Ламене ќе се подвоуми да даде соработка во *Француско-Германскиот Годишник* поради непомирливиот атеизам на Маркс. Ламартин ќе се повлече кога ќе ги сфати револуционерните цели на овој издавачки потфат, Пјер Леру исто ќе најде начин да ја напушти политичката акција. Што се однесува до Прудон кого, во своите први разговори, Маркс го оценува како најголем француски социјалистички теоретичар со неговиот придонес во израснувањето на политичката економија во наука преку неговите научни и критички истражувања на приватната своина, сега Маркс ќе навлезе во остри полемики и ќе ја напише својата критика на прудонизмот, на класичен француски јазик, која ја објави во Брисел, во 1847 г. под значајниот наслов *Misère de la philosophie*, во одговор на Прудоновата *Philosophie de la Misère*. По една година, пак на француски јазик, ќе ја даде и својата *расправа за слободната трговија (Discours sur le libre échange)*.

Преку својата интензивна работа, интелектуална строгост и неуморни и бескрајни истражувања, Маркс ја надминува едностраноста и на просветителскиот и рационалистички атеизам на француските материјалисти од XVIII век кои, иако идеолошки прогресивни, утопистички сметаа дека со идеолошка критика и уверување, ќе може да се искорени религиозниот однос кон светот. Градејќи ја својата филозофска мисла тој прифати и синтетизира многу позитивни и хумани тези од утопискиот социјализам на Сен-Симон, како и на Фурие и Овен, но за разлика од нив, успеа вистински да проникне во механизмот на експлоатацијата и класната борба во капиталистичкиот систем, да ја уочи основната сила која е способна да стане творец на

---

[4]) Ernst Bloch, *Subject—object*, Naprijed, Zagreb, 1950, 361. (spored: Елеонора Мичуновиќ, *Естетички проблеми у савременом француском марксизму*, Институт друштвених наука, Београд, 1967, 70).

новиот свет, и да ја согледа улогата на диктатурата на пролетеријатот. Проучувајќи го минатото на Франција како „земја во која отсекогаш се воделе класни борби“, Маркс ќе ја открие смислата на историјата и нејзиниот покренувач борбата на класите. Тој прифаќа многу од позитивните резултати од истражувањата на француската историска наука од времето на Реставрацијата, посебно од оние на Тиери, Гизо и Мињe, но укажува и на многу недостатоци на нивната историска теорија. На тој начин и во овој домен, и во Херодотовиот предмет чии принципи ќе ги усоврши, ќе го открие големиот недостаток на претходниците со давањето примат на идејните мотиви а запоставувањето на фактот дека корените на историскиот развој на општествените односи се наоѓаат во степенот на развојот на материјалното производство.

Не е без значење ни Марксовото другарување во Париз со Хенрих Хајне, можеби повеќе заради воведувањето на возвишена политичка нота во политичките поеми на поетот како што *се Германија, Зимска приказна или Бродот на робовите*, но не помалку и заради разговорите во кои, дваесет години помладиот Маркс во Хајне наоѓаше собеседник со големо искуство стекнато, меѓу другото, и во либералниот и револуционерен Париз. Меѓутоа, најзначајно беше дека Маркс во Париз го стекна пријателството со Фридрих Енгелс, неговото *alter ego* како што ќе го именува марксовиот правнук Robert-Jean Longuet[5]). Меѓу нив ќе се развие плодна соработка што ќе трае додека постојат и преку која ќе се оформи едно големо дело — научниот социјализам — кое ќе претставува органска целина на нивните посебни придонеси[6]). Всушност, ова безгранично пријателство на Енгелс како и несебичната приврзаност и љубов кон Маркс на неговата сопруга Џени, овозможија тој да го заврши своето дело бидејќи, и по неговата смрт во 1883, на него продолжи да работи Енгелс и, во текот на 12-те свои последни години од животот, успеа да ги среди за публикување Марксовите трудови, а и да ги издаде, во што верно го помагаа децата на Маркс. Динамизмот со кој беше оформена оваа мисла продолжува и денес и нејзината победа е без преседан во однос на сите други филозофски, политички или конфесионални учења до денес. Со својата делотворност таа претставува творечка свест на веков или, како што тоа го искажува Роже Гароди во 1964 година „не само што веќе секој трет човек во светот живее во општество

---

[5]) Robert-Jean Longuet, *Moj pradjed Karl Marks*, Centar za informacije i publicitet, Zagreb, 1979, 183.

[6]) Види Л. Тодорова. *Енгелс — приватно*, Библиотека „Современост” кн. 30, Скопје, 1976, 44.

што гради социјализам по Марксовото учење, туку марксизмот стана поредбена оска според која денес се поставува секое мислење и секоја акција: за него или против него."[7])

Нашето второ прашање е поврзано со овој предмет на истражувања што ќе го проследиме во продолжение.

*

* *

Ширењето на марксизмот во меѓународни размери наиде на многу следбеници и во Франција, иако, во теориска смисла, во првите години на XX век, по Бернштајновата ревизија, изгуби од својата плодност која, меѓутоа, веднаш по Октомвриската Револуција ја поврати. Меѓу првите што придонесоа за популаризирањето на марксовото учење во Франција, иако со доста слабости во познавањата на политичката економија, беше Марксовиот зет Пол Лафарг. Неговата ќерка Лаура исто така ќе има значајна улога во француското социјалистичко движење. Другиот зет, Шарл Лонге, член на Париската секција на Интернационалата, беше исто човек што помина пат налик на оној на Маркс во однос на револуционерната дејност и прогонствата и во однос на неговите морални и интелектуални врлини. Заедно со сопругата Цени соработуваше во списанието *La Marseillaise* и го основа весникот *La Rive gauche (Левиот брег)* што беше еден од најнапредните социјалистички органи од тоа време. Кон него пристапија со поддршка познатите космополитиски расположени писатели Анатол Франс, Виктор Иго и Едгар Кине.

Марксизмот постепено се интегрираше во целокупната француска култура и отсекогаш всушност го носи белегот на некои нејзини суштински карактеристики што директно „се должат на рационализмот на галскиот дух"[8]). Откако по Првата светска војна се надмина донекаде спласнатиот интерес за него под влијанието на така наречениот „универзитетски спиритуализам" што главно го одржуваа жестоките противници на Хегел, па според тоа и на Маркс, преку рационализмот на Броншвиг и спиритуализмот на Бергсон, новите светски историски настани и пред сè Октомвриската Револуција, одново ја актуализираа марксистичката мисла која постепено добиваше свое место и во научните трудови и докторски тези, заедно со постепеното издавање на целокупните Марксови дела и оние на Енгелс и Ленин. Од 30-те години основните правци на француската мисла ќе бидат главно оние што се карактеристични за филозофијата со буржоаска инспирација, но марксизмот ќе се вклопува

[7]) Р. Гароди, *Карл Маркс*, „Култура", Београд, 1968, 210.

[8]) Здравко Мунишиќ, *филозофска схватања Роже Гародија*, Савремена друштвена мисао Хронометар Београд, 1972, 10.

и во нив, иако е повеќе присутен на политички план одошто на теориски. Неговите основни поставки ќе стават своевиден белег и во *неотомизмот* или католички ориентираната филозофија со главниот претставник Ж. Маритен кој настојува да ги усклади своите тези со најновите научни и филозофски постигања за да ги надмине застарените појмови и теории од схоластичните системи, поставувајќи мост меѓу марксизмот и христијанската мисла, и во *персонализмот* на Емануел Муние и Жан Лакроа кој, давајќи му најголема вредност на самостојното делување на човековата личност, често ги запоставува општествените и историски компоненти, и во *егзистенцијализмот на Ж. П.* Сартр кој се стреми кон измирување на марксистичките познавања и егзистенцијалистичката дијалектика, и во *феноменологијата* на Морис Мерло-Понти што е всушност априорна наука, независна од секакво искуство, и во структурализмот на К. Леви-Строс и сл. Иако сите овие правци покажуваат голема дисперзија во гледиштата и не можат лесно да се сведат под заеднички именител, сепак имаат една општа тенденција: прифаќањето на битните ставови на историскиот материјализам и на неговите социјални визии што, главно го и постигнуваат. Овој плуралитет во концепцијата на француската марксистичка филозофија и во нејзините форми што ја следи атмосфера на широка толеранција и во интернационалните дијалози на француските марксисти, сведочи за доста живите токови во нивните ориентации. Меѓу позначајните современи теоретски погледи спаѓаат секако оние на А. Лефевр, Л. Голдман, П. Навиел, Л. Алтисер, Л. Сев, О. Корни, Ф. Шатле, и особено Р. Гароди, во чие филозофско-теоретско дело најцелосно се содржани сите напори за надминување на догматско-контемплативните приоди и избегнување на екстремностите на гносеолошките аспекти на марксизмот*. Неопходно е овде да нагласиме, меѓутоа, дека овој плурализам на марксистичката филозофија во Франција, често со принципиелно различни сфаќања и меѓусебни оспорувања, всушност иде оттаму што не се успеало докрај да се проникне во автентичната Марксова мисла па со тоа уследиле и идеолошки некритички интерпретации или „вулгарни марксизми“ за кои зборува Здравко Мунишиќ.[10]) Покрај ова, треба да нагласиме дека марксизмот во Франција имаше и свој догматски период кога е враќан на метафизички позиции и кога изобилува со деформации и шематизам на што, во прво време, не беше имун ни еден Роже Гароди.

Сето ова неизбежно имаше одраз и во француската книжевна наука која исто така мина низ повеќе фази. Што се однесува до марксистичката ориентација, таа посебно е изразена

---

* Види *Марксизам у француској во: Марксизам у свету,* бр. 11—12, „Будућност“, Нови Сад, 1982.

[10]) Здравко Мунишиќ, *Филозофска схватања Р. Гародија,* Савремена друштвена мисао, Хронометар, Београд, 1972, 15.

во областа на критиката кај О. Корни, на пр., во извесни дела на А. Лефевр и есеи на Ж. Мунин и „критички описи" на Клод Роа. Свој пооригинален правец на ангажирање француската марксистичка критика најде кај Лисјен Голдман кој, под влијание на унгарскиот марксист Ѓерѓ Лукац, бара однос кој може да егзистира меѓу структурите на едно дело и структурите на едно општество. Ова особено илустративно е покажано во однос на модерниот роман *(Pour une sociologie du roman,* 1964). Во оваа смисла е ориентирана и критичарската дејност на Рене Жирар.

Не би можело, исто така, да не се одбележи дека марксистичката мисла се јавува како *Spiritus Rector* и за многу книжевни дела во Франција. Оформувањето на прогресивните сили и во овој домен одеше паралелно со еманципирањето од догматските сфаќања и надминувањето на искуствата од надреализмот и на допирите со социјалистичкиот реализам што се манифестираше во сите литературни родови и даде една бројна плејада која доби свое место во историјата на поезијата, како и во онаа на романот и на театарот, од Луј Арагон, преку Андре Малро до Бертолд Брехт. Мнозинина од нив ги изведуваа вредностите на својот хуманизам токму од Маркс. Кога, на пр.,Ками ќе го открие начинот на функционирањето на митот како своевидна машина за активирање на човековата свест со димензија на континуум од минатото во сегашноста и во идните времиња, појдовна точка ќе му биде филозофското и морално размислување што го следи итинерерот од Маркс кон современоста наКами. Апсурдот што се раѓаше во „конфронтацијата меѓу човековиот апел и неразумното молчење на светот"[11]), не најде свое решение во самоубиство на Сизиф. Напротив, тој води кон прифаќање на сето она што престои за „да се живее колку е можно подолго"[12]). Со тоа овој есеј на Апсурдот наКами *(Митот за Сизиф)* има значење на дело—клуч за современата книжевност што трага по вистината за човекот, посебно за денешниот човек оптоварен со „двојната алиенација"[13]).: Странец за самиот себе и за светот"[14]), но и свесен за сопствената одговорност за иднината.

Откривајќи ја силата на Марксовата мисла, ваквите писатели ќе ѝ дадат во своето дело своевидна уметничка транспозиција според резонансите на сопствената филозофска мисла, со доследен хронотопичен пристап, односно преку тесна поврзаност на матичните и современите временски и просторни односи. Така, како активистичка, револуционерна филозофија, марксизмот да-

---

[11]) Camus, Albert, *Le Mythe de Sisyphe,* Paris, Gallimard, 1961, 44.
[12]) Ibid., 84.
[13]) Fitch, Brian, T. *Le sentiment d'étrangeté shez Malraux* Sartre Camus, Simone de Beauvoir, Paris, Minard—Lettres Modernes, 1964, 186.
[14]) Camus, *Le Mythe de Sisyphe*... 36.

де придонес и во перспективата на книжевноста, без рецепти и дефинирани начела. Оваа теза кај нас ја доразработи современиот истакнат марксист Вјекослав Микецин прифаќајќи го единствениот начин: „Уметноста може да коинцидира со големите цели на револуцијата само така ако до крај го следи начелото на слободата, на истражувањето и на творењето“[15]).

Во еден од своите огледи за односот меѓу науката и книжевноста[16]) Роланд Барт го покренува прашањето за функцијата на јазикот во едно научно дело. Ако такви размислувања примениме во случајот на Маркс, на целокупниот негов научен *corpus*, ќе се види дека за успехот на тој *corpus* голема улога има изразната моќ на Маркс што Лудовико Силва го именува како *книжевен стил*[17]). Јасноста во изразот, стремежот за конкретизација, лингвистичка економија[18]), функционалниот речник како и константните аналогии и метафори се основните елементи на тој стил оформен од многу компоненти на неговото солидно образование во кое, по сопствен избор, покрај другото, Маркс ја вклучи и богатата изразна ризница содржана во уметничко-книжевните наставни предмети за кои се определи при студирањето: Грчката и римска митологија, Хомерските прашања и Историјата на современата уметност[19]). Кон ова секако се подразбира и лингвистичката надареност, покрај упорната секојдневна работа и читање. Тоа беше методот според кој Маркс успеа својата дијалектика да ја материјализира и во својот стил така што тој да претставува „најсовршен израз на логично-историското движење”[20]), со прецизност и на научен и на книжевен план.

*

* *

Проследувајќи го нашиот план да фрлиме повеќе светлина врз оформувањето на сите овие правци и бројни поединци за кои Марксовото учење е извор и мотив на размислување за проблемите на модерниот свет, доаѓаме до сознанието дека терминот *француска култура* што овде го употребивме е многу сложен и широк, иако претежно го поистоветивме со терминот *марксистичка култура* како дел од целокупниот француски ду-

---

15) *Марксизам и умјетност*, II Антологија, избор и предговор Вјекослав Микецин, Изд. Центар Комунист, Београд, 1976, XVI.

16) Ролан Барт. *Од науката до книжевноста* во: *Книжевност, митологија, семиологија*, Београд, 1971.

17) Лудовико Силва, *Марксов књижевни стил*, Вук Караџић, Београд, 1978, 15.

18) Овој термин го воведе *André Martinet* во: *Eléments de Linguistique générale*, A. Colin, Paris, 1960.

19) Ludovico Silva, Ibid., 27.

20) Ibid., 40.

ховен хоризонт. Нашето определување за овој предмет дотолку е оправдано доколку е непобитен фактот дека, гледано од еден универзален аспект, оваа култура се здобила со интернационална резонанса. Иако во одговор може да се прифати само потврдната алтернатива, не смее да се пренебрегне ни очигледниот факт дека, сосем независно од оваа култура, длабоката Марксова мисла незапирливо афирмира по некоја своја поставка по широките меѓународни меридијани, насекаде во светот. Тоа значи дека паралелно може да се зборува и за Карл Маркс и американската култура, како и за марксизмот и современоста воопшто во светот. Кај нас пак, повеќе од било каде, таа мисла е дел на нашата актуелност и секојдневие. Тоа е најблизок показ за нејзиниот динамизам во чија основа е резонот таа и да продолжи да ги укажува законите на развојот и на нашата епоха. Токму во тој динамизам е и нејзиниот борбен предизвик кон оние што не се чувствуваат одговорни пред иднината на човештвото.

Liljana TODOROVA

## KARL MARX ET LA CULTURE FRANÇAISE

### — A l'occasion du 100-ième anniversaire de sa mort —

### Résumé

Deux recherches parallièeles font l'object de ce texte: déouvrir le rôle de la contemporanéité culturelle et politique françaises dans la formation de la pensée philosophique de Marx et, en sens inverse, poursuivre la présence de cette pensée dans le marxisme des philosophes et des théoriciens français des temps nouveaux en tant-qu' influence idéologique et composante importante dans la culture mondiale contemporaine.

Tout en souligant l'intérêt de Marx pour les matérialistes français du XVIIIe siècle, pour les auteurs tels que Balzac et Diderot, de même que pour les idées révolutionnaires des socialistes incarnées dans la Commune Parisienne, l'auteur apprécie tout particulièrement l'apport original de la dialectique marxiste qui devenait une arme historique élevée à la hauteur de la révolution.

Le marxisme s'intégre donc danc la cuiture française tout en portant le cachet du „racionnalisme de l'esprit gaulois". On le reconnaîtra chez les promoteurs du spiritualisme, du néo-atomisme ou du personnalisme, aussi bien que dans la philosophie de l'exi-

stencialisme, la phénoménologie ou le structuralisme. La pensée marxiste sera le *spiritus rector* pour de nombreux auteurs et critiques français dans tous les genres littéraires, tels Aragon, Sartre, Malraux, Camus, Brecht ou Roy, ou des philosophes d'une rénommée mondiale entre autres Lefebvre, Goldmann, Althusser et Gara-
mée mondiale entre autres Lefebvre, Goldmann, Althusser et Garaudy avant tout.